# Ефективно одземање на имот на корист од кривично дело

- Nullum comodum capere potest de sua propria iniuria
- Никој не може да има корист од сопственото злодело.

# Одземањето на имотната корист низ историјата

# Третман на отежнувачка околност при одмерување на видот на мерката за санкционирање

# Потреба од воспоставување на еднаквост во дистрибуција на имотни добра во општеството

# Основни начела на одземањето на имотната корист

1. **Ресторативност**
2. **Превенција од криминалот**
3. **Ретрибутивност**
4. **Насоченост кон имотот**
5. **Компензација**

## Корист како обележје на кривично дело

- награда за извршено дело или последица од делото

# Правна природа на одземање на имотна корист прибавена со кривично дело

- Начело на праведност
- Посебно - кривично – правна санкција
- СФРЈ ( 1959 – 1970 ) – посебна мерка на безбедност
- Франција – посебна санкција
- Правна последница на осудата
- Посебен вид на државен ангажман
- Не е нужно кривично правен туку управен.  Пр. Италија
- Посебна кривично – правна мерка, издвоена од системот на кривични санкции

# Постапка за утврдување на имотна корист

- Адхезиска – in rem –
- Објективна – самостојна (СР Германија)
- Проширено одземање

# Модели на постапки за одземање на имотна корист

- Граѓанско - правен пристап – (Обединето Кралство), нов закон за конфискација на имот во граѓанска постапка во РСМ
- Кривично – правен пристап

# Правна Рамка

Законски прописи и процедури во

Република Северна Македонија

- Кривичен законик, релевантни членови кои се однесуваат на конфискацијата во Република Северна Македонија: 97, 97а, 98, 98а, 99 конфискација од правни лица 96к, одземање на предмети 100, 100а.

- Закон за кривична постапка, членови од законот релевантни во фазата на истрага и привремено одземање на предмети: 194,196,197,200,202, 529; членови од законот релевантни во фазата на судење и конфискација на имотот и имотната корист: 533, 534, 535, 536, 537,540, 541

- Закон за меѓународна правна помош во кривичната материја, релевантни членови: 15, 26, 27, 28, 29.

# Фази – стадиуми на постапка за одземање на имотна корист

- Финансиско – истражна
- Судска
- Фаза на извршување
- Фаза на управување со трајно одземен имот

# Финансиска истрага – главен предуслов

- Збир на дејствија кои се водат истовремено со криминалистичко – оперативни дејствија со цел да се открие и утврди имотна корист стекната со кривично дело

# Цели на финансиска истрага

- Прибавување на докази за бесправно стекнат имот
- Утврдување на приходи стекнати со кривично дело

## Чекори во фазата на криминалистичко истражување

Правосудната полиција по добиени сознанија за постоење на кривично дело со значителна имотна корист, кривично. дело кое спаѓа во каталошки наброените кривични дела за спроведување конфискација и/или по наредба/насоки на надлежен Јавен обвинител започнува финансиска истрага и собира информации преку:

- Интерни бази на податоци;
- Проверки преку отворени извори на информации.
- Бази на податоци на други државни органи;
- Проверки преку достапни Секторот за меѓународна полициска соработка (СМПС)
- Бази достапни на националниот координативен центар за сузбивање на организирани сериозен криминал (НКЦСОСК);
- Проверки преку други национални контакт-точки пример: КАРИН, ЕГМОНТ, ГЛОБЕ (Globel)

Криминалистичко-полициски активности:

При спроведување финансиска истрага, правосудната полиција ги следи и врши проценка на следните индикатори (не е ограничена само на наведените индикатори, туку тие се дадени како појдовна точка) за да се иницира отворање финансиска истрага за имотот од незаконско потекло:

- Начин на живот и прекумерно трошење (на пример, луксузни патувања, луксузни возила и набавка/поседување на луксузна стока);
- Купување пловни и воздухопловни предмети;
- Инвестиции во купување и реновирање недвижен имот;
- Инвестиции во благородни метали;
- Инвестиции во криптовалути;
- Онлајн-коцкање и обложување;
- Основање на прикриени правни субјекти (најчесто деловно неактивни, без вработени лица или отворање на повеќе меѓусебно поврзани правни субјекти со прикриена сопственичка и управувачка структура);
- Пријателски и бизнис активности со политички експонирани и влијателни личности

Правосудниот службеник е должен да ги следи и анализира наведените индикатори од самиот почеток на финансиската истрага, па се до завршувањето.

По потврдувањето на основите на сомнение дека постои противправно стекната имотна корист, задолжително се изработува писмено известување до надлежен јавен обвинител.

По доставување на известувањето до надлежен јавен обвинител, со понатамошното постапување раководи јавниот обвинител и сите натамошни мерки и активности правосудниот службеник ги презема во координацијата и согласно со писмено и усно добиени наредби/насоки од јавниот обвинител

Во финансиската истрага, правосудната полиција ги користи следните извори на информации:

- податоци од ХОСТ во МВР
- податоци од базата на Секторот за гранични работи и миграции во МВР,
- базата на лични документи кои ги издава МВР,
- базите на управните служби во МВР,
- базите на аналитичките служби во МВР
- базите на Царинската управа,
- базите на Централниот регистар на РСМ,
- базата на Агенцијата за вработување и други бази;
- Управа за финансиско разузнавање,
- Централен депозитар за хартии од вредност,
- Агенција за катастар на недвижности,
- Капетанија на пристаништата во Министерството за транспорт и врски.

- Агенција за цивилно воздухопловство
- Клириншки интербанкарски систем,
- Управа за јавни приходи
- осигурителни компании со седиште во РСМ
- даватели на услуги за брз трнсфер на пари и други финансиски институции. Медиуми (весници, радио, телевизија, списанија)
- деловни банки на РСМ,
- интернет (публикации, блогови, форуми, веб-страни, социјални мрежи и др.)
- отворени владини податоци (извештаи, одлуки, записници. Анализи и други и други документи кои се од официјален владин извор, а се објавуваат јавно)
- базата на податоци на ДКСК (анкетни листови на политички експонирани лица)
- базата на податоци на ДИК (евидентирани лица на иста адреса)
- базата на податоци од електронскиот систем за јавни податоци набавки, од порталот отворени финансии (увид податоци за реализација на трансакции на сите буџетски корисници),
- податоци од приватни субјекти и тела (професионални и академски публикаци и, податоци и сива литература) и др,
- податоци и информации кои се обезбедуваат преку меѓуинтитуционална соработка (на пример, преку интероперабилност),
- податоци и информации кои се обезбедуваат преку меѓународна СМПС, ЌАРИН, ЁГМОНТ, ГлобЕ и сл„

Иницијатива за примена на привремени мерки за обезбедување од страна на правосудната полиција.

Кога правосудната полиција ќе дојде до информации за противправно стекнат имот и имотна корист кои потекнуваат или се поврзани со кривично дело и имот од незаконско потекло, веднаш без одлагање, независно од тоа во која фаза е финансиското истражување, доставува известување до надлежниот јавен обвинител во кое ги наведува сите релеватни податоци за прецизно идентификување на таквиот имот и дава предлог/иницијатива за примена на мерка за негово привремено одземање.

Известувањето до јавниот обвинител може да( биде и усно кога постојат конкретни околности кои укажуваат на опасност од отуѓување, уништување, пренесување на имотот надвор од државата, во странска јурисдикција и кога на било кој друг начин постои опасност неговата конфискација по завршување на кривичната постапка да биде отежната или оневозможена, по што треба да следи и писмено известување до јавниот обвинител во кое прецизно ќе бидат наведени сите податоци за негово идентификување.

## Чекори во предистрага и истрага

Информациите во смисла на извештајот заедно со податоците за имотната состојба се проследуваат до надлежното обвинителство. Барајќи имот, можеби ќе најдеме дополнителни докази поврзани со кривично-правниот настан, потребно е и сакаме да дознаеме за сметките, во кои банки постојат сметки и какво е движењето на средствата на тие сметки.

Јавниот обвинител ќе даде усни и писмени наредби/насоки за натамошно постапување.

Доказите прибавени во фазата на криминалистичкото истражување кои треба да бидат во оргинални документи или изводи од банкарски сметки, потребно е да бидат обезбедени со наредба за прибирање докази издадена од јавниот обвинител.

- План за истрага

  Во планот за истрага, за преземање истражни дејствија, обвинителот ќе наведе дали ќе се занимава со конфискација, проширена конфискација и одземање на имотна корист.

- При можност за формирање на мултиагенциски истражен тим (на пр.

единици на оперативни групи), јавниот обвинител ќе ја координира и насочува работата на истражниот тим.

- Преземање паралелна финансиска истрага за кривично правниот настан.

Протоколи за пристап до базата на податоци/ размена на податоци меѓу институциите преку платформата за интероперабилност

## Чекори во фазата на обезбедување на средствата

- Постапката за обезбедување на имотот ја започнува јавниот обвинител со анализа на целокупниот имот и средства коишто може да бидат предмет на замрзнување, одземање и ефикасна конфискација. Препорака е да се насочи кон оној имот и средства кои во подоцнежната фаза би придонеле кон ефективно извршување на пресудената конфискација.
- Релевантни членови од ЗКП:- 196, 197, 200.
- Препорака во оваа фаза е да се консултира претставник на Агенцијата за управување со одземен имот заради подготвување на условите за чување на одземениот имот.

Согласно Законот за меѓународна соработка во кривичната материја јавниот обвинител ја спроведува меѓународната соработка за финасиските истраги, конфискацијата и привремените мерки преку Канцеларијата АРО, користејќи го безбедниот комуникациски к канал на ЕВРОПОЛ.

(Член114)

Република Северна Македонија има воспоставено Канцеларија за поврат на имот (Asset Recovery Office-ARO/АРО)и номинирано контакт-лице за АРО.

Лицето за контакт, за кривично-правниот настан, воспоставува директни контакти меѓу
домашните правосудни органи и надлежните правосудни органи на другите земји-членки на Европската Унија

Сите правосудни, финансиски и истражни органи во Република Северна Македонија се должни на лицето за контакт итно и без одлагање да му обезбедат правни и практични информации неопходни за подготвување на ефективно барање за меѓународна соработка во однос на кривично-правниот настан.

По правосилно завршување на кривичната постапка, надлежниот првостепен суд ја извршува пресудата со доставување на истата до Агенцијата за управување со одземен имот, а доколку има меѓународен елемент, со барање преку Секторот за меѓународна правна помоши соработка при Министерството за правда согласно Законот за меѓународна соработка во кривичната материја Пресудата ја доставува во оригинал, со заверен превод и со потребната документација

# Меѓународна соработка и институционална рамка

Институции

Јавното Обвинителство – Во фазата на предистрага, истрагата и главната расправа ( прибивање информации и докази преку АРО, КАРИН, Глобе, ЕВРОПРАВДА )

МВР – Криминалистичко истражување

Секторот за меѓународна полициска соработка ( СМПС ) во Министерството за внатрешни работи претставува национална контакт – точка за размена на криминалистичко – разузнавачки ( оперативни ) информации за потребите на сите органи за кривично гонење.

СМПС води евиденција за сите национални и меѓународни контакт – точки за размена на информации и преку него може да се обезбедат податоците за контакт. СМПС посредува во брза размена на потребните информации и го избира најефикасниот, најбрзиот и најбезбеден канал за размена, но ефикасноста и брзината на размена се разликуваат од држава до држава.

УФР – Разузнавачки податоци

Размената на податоци и информации се одвива преку безбедносниот канал за меѓународна соработка на ЕГМОНТ.

Царинска Управа – Во фазата на криминалистичката истрага – ЦЕНКОМ ( CENCOMM ), НКТС

# Меѓународни конвенции

- Конвенција на ООН за корупција, 27 јануари 1999,
- Конвенција за сузбивање на финансирање тероризам, 9 декември 1999, Палермо, 15 ноември 2000;
- Конвенција на ООН против транснационален организиран криминал (УНТОК/UNTOC)
- Конвенција за акција против трговијата со луѓе, 16 мај 2005

# Регионални конвенции

- Европска конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја., 20 април 1959
- Дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, 17 март 1978;
- Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, 8 ноември 2001;
- Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело И финансирање тероризам, 2005.

## Билатералани договори

Република Северна Македонија има склучено и билатерлани договори за соработка во кривичната материја со Албанија, Бугарија, Бих, Црна Гора, Хрватска, Косово, Италија, Словенија, Србија, Турција и Казахстан

## Национална правна рамка

- Закон за меѓународна соработка кривичната материја, Службен весник бр. 08 -1790/1 од 2 април 2021 година
- Други прописи каде што се регулирани надлежностите на институциите при реализација на меѓународна соработка

# Меѓународни канали за размена на информации

Глобална оперативна мрежа на антикорупциски агенции за спроведување на законот (Globa OperationalNetwork of Anti-Corruption Law Enforcement Authorities Globe))

Мрежата ГлобЕ/Globe обезбедува платформа за меѓусебна размена на информации и неформална соработка со цел подобро да се идентификуваат, истражат и гонат прекуграничните кривични дела на корупција и да се врати украдениот имот.

Национални контакт-точки за Република Северна Македонија се:

- ЈОРСМ - Одделение за меѓународна правна помош
- Управа за финансиска полиција
- МВР - Сектор за криминалистички истраги - единица за корупција

- Добиените податоци преку оваа мрежа се од разузнавачки карактер.

## Канцеларија за поврат на имот (Assets Recovery Offce (AR0))

Канцеларијата за поврат на имот (АРО/ARO) е националната централна контакт-точка која го олеснува следењето на имотот поврзан со криминал ширум ЕУ. Примарната цел на Канцеларијата за поврат на имотот е да развие и олесни техники за идентификување и следење на имотот, што ќе доведе до зголемени конфискации. Таа обезбедува:

- Контактни информации за националните контакт-точки
- Какви видови податоци може да се добијат, пронаоѓање, идентификување, замрзнување на имот или имотна корист во земјата и во странство
- Добиените податоци преку оваа мрежа се од разузнавачки карактер
- Времето на одговор на барањата е 8-72 часа за итни и 7-14 дена за барања кои не се итни.

# 3 Агенција на Европската Унија за правосудна кривична соработка (European Union Agency for CriminalJustice Cooperation)

Агенцијата на Европската Унија за правосудна кривична соработка (ЈУРОЦАСТ/EUROJUST, ЕВРОПРАВДА) го олеснува процесот на враќање на имотот преку обезбедување правна и практична поддршка на судските власти во различните фази на враќање на имотот, помагајќи им на практичарите да ги решат проблемите и да одговорат на прашањата, и олеснувајќи ја ефективната соработка и комуникација меѓу вклучените држави.

- Контактни информации за националните контакт-точки
- ЈОРСМ- Делегиран јавен обвинител од страна на Министерството за правда на предлог на Јавниот обвинител на РСМ
- Основната функција е олеснување на ефективната соработка и комуникација меѓу вклучените држави.

# Меѓуагенциска мрежа за одземање имот од Камден (Camden Assets Recovery Interagency Network)

Меѓуагенциската мрежа за одземање имот од Камден (КАРИН/CARN) е неформална меѓуагенциска мрежа на персонал за спроведување на законот, специјализирана за следење, замрзнување, заплена и конфискација на финансиски средства што се користат во и за криминални активности.

Контактни информации за националните контакт-точки

- JOPCM
- MBP
- Податоците кои може да се разменуваат се поврзани со пронаоѓање, идентификување, замрзнување на имот или имотна корист во земјата и во странство
- Добиените податоци преку оваа мрежа се од разузнавачки карактер
- Времето на одговор на барањата е 8-72 часа за итни и7-14 дена за барања кои не се итни

# Апликација на мрежата за безбедна размена на информации (Secure Information Exchange Network Application)

Апликацијата на мрежата за безбедна размена на информации (СИЕНА/SIENA) е алатка за меѓусебна комуникација на канцелариите на ЕВРОПОЛ со земјите-членки на ЕУ и со трети страни вклучени во комуникацискиот сообраќај на ЕВРОПОЛ

СИЕНА има за цел да овозможи централен систем за управување со информации заради решавање случаи, вкрстено споредување на одговори и размена на структурирани податоци, како и степен на класификација на податоците според доверливост.

- Контактни информации за националните контакт-точки,
- МВР- Сектор за меѓународна полициска соработка
- Преку оваа мрежа може да се добиваат/разменуваат/пренесуваат разузнавачки и полициски информации/податоци.

## Иницијатива за враќање на украден имот(Stolen Assets Recovery lnitiative (StaR)

Иницијативата за враќање на украдениот имот (STAR) претставува партнерство меѓу Групацијата на Светска банка и Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ/UNODC). Води јавна база на податоци Асет Рикавери Воч (Asset Recovery Watch) во која се евидентираат напорите на органите на прогонот ширум светот да ги следат средствата добиени од корупција.

Целта на STAR Asset Recovery Watch е да се собираат и да се систематизираат информации за завршените и тековните напори за враќање на приходите од корупција кои имаат меѓународна димензија.

## Глобална мрежа на фокусни точки (GFPN) ги олеснува напорите на земјите за враќање на средствата што можеби биле скриени во странски јурисдикции.

- Контактни информации за националните контакт-точки
- За Правосудната полиција, тоа е Секторот за меѓународна полициска соработка Во МВР
- За Јавното обвинителство, тоа е Одделението за меѓународна правна помош во

JOPCM

- Ја олеснува сигурната размена на чувствителни информации меѓу фокусните точки од агенциите за борба против корупцијата и за поврат на имотот.

# Група ЕГМОНТ (EGMONT Group)

Групата Егмонт на единиците за финансиско разузнавање им обезбедува платформа за брза и сигурна размена на релевантни податоци, информации, документација. Согласно надлежностите на единиците за финансиско разузнавање на секоја држава, може да се обезбедат разузнавачки податоци од базата на податоци на Управата за финансиско разузнавање, броеви на сметки, овластени лица, тековна состојба, преглед на банкарски сметки, како и потекло на парични средства, понатамошен тек на паричните средства, сопственост на движен и недвижен имот, сопственост на правни лица, вистински сопственик на правниот субјект, податоци од базите на единиците за финансиско разузнавање, лични податоци за физички и правни лица, податоци од кривичната и казнена евиденција во странската држава, пријавени готови парични средства при влез и излез од државата, и други релевантни податоци. Податоците и информациите

се разменуваат спонтано или на барање, а заради спречување и откривање на перење пари, финансирање тероризам и слични кривични дела.

- Контактни информации за националните контакт-точки
- Управа за финасиско разузнвање (УФР)
- Може да се добиваат/разменуваат само разузнувачки податоци и истите не може да се користат како доказ.

# Привремено одземање на имот

- Замрзнување или блокада – (забрана за пренос, претварање, располагање или преместување на имот)
- Заплена – (привремено превземање заради чување или надзор)
- Заедничко е постоење на судска постапка
- Фаза на управување

# Што е одземање на имот ?

- Конечно или трајно лишување на некое лице од имотот со одлука на судот
- Конфискација – според Варшавската, Стразбуршка конвенција и конвенција на ОН против корупција (КОНПК)
- Одземање - трајно лишување од право на сопственост на имот по налог на суд или друг надлежен орган

- Одземањето / Конфискацијата на имот нема нужно казнен карактер – и не е нужно ограничено на лишување на лице од имот во рамките на кривичната постапка

# Широка дефиниција = флексибилен концепт

# Зошто одземањето на имот е значајно ?

- Да ја штити легитимната економија од корупција и од инфилтрирање на незаконит имот
- Да поттигне раст на даночните приходи во легална економија
- Да создаде имот кој може да се користи за сеопшто добро
- Да помогне за да се зачува владееење на правото
- Да демотивира потенцијално вршење на кривични дела – одвраќачко дејство

# Меѓународни стандарди - примена

- Одлуки за замрзнување  и овластување во истрагата
- Обично одземање на имот
- Одземање на вредности и мешање на имот
- Одземање на предмети
- Одземање на приходи и други користи од имот стекнат со кривично дело и корупција
- Префрлање на товар на докажување
- Одземање од трети лица

Одземање на имот што не е засновано врз кривична пресуда

- Во случај на смрт на обвинето лице, негово бегство или душевно заболување
- Недостапност на обвинето лице
- Застареност – но има докази за сторено кривично дело

Меѓународните стандарди немаат детален и добро разработен пристап во поглед на граѓанско – правно одземање на имот

- Отсуство на осуда во кривична постапка
- Стандард на докажување

- Да се одземе профитот од криминалот
- Да се разбие финансиската поддршка на организираниот криминал
- Во независна граѓанска постапка не е потребно обвинение или осудителна прсуда
- - во 80 % од случаите на конфискација во САД никој никогаш не е гонет за кривично дело

- Понизок стандард на докажување во граѓанските постапки
- Постапка против имотот – in rem
- Конфискуваните пари и имот се влеваат во фондовите за сведоци/жртви и службите на органите за прогон
- Користење на орудија за конфискација кои се на располагање

# Студија на случај

- Дилер на дрога живее со својата мајка
- Мајката не е инволвирана во трговијата на дрога
- Дилерот со дрога тргува надвор но пред куќата
- Дилерот со дрога ја чува дрогата во својата соба во куќата
- Мајката знае дека синот нема легална работа
- Синот и дава на својата мајка ново БМВ
- Мајката го зима БМВ – то

- Дали можете да го одземете и конфискувате БМВ – то?
- Дали можете да го конфискувате БМВ – то без да покренете обвинение против мајака во врска со нејзината поврзаност со трговијата со дрога?
- Дали можете да  го конфискувате БМВ –то без да покренете кривично обвинение ?
- Дали можете  да го конфискувате БМВ –то ако синот и ја продаде колата на мајката за 7000 долари ?
- Дали можете да го конфискувате БМВ – то ако синот и ја продаде колата на неговата мајка за 15 000 долари ?
- Дали можете да ја конфискувате куќата ?

- Одговорот е “ДА” на сите овие прашања ако имате независен граѓански закон за конфинскацја
- И полесно е и потребни се помалку државни ресурси отколку за кривичните постапк

- Можен излез користејќи го концептот на граѓанска конфискација:
- Постапка против имотот – (in rem) – Пр. “возилото” а не против лицето (мајката) , нема кривично обвинение, и прашањата за човековите права имплицирани во кривичните постапки не се исти како во граѓанските постапки;
- Понизок стандард на докажување во граѓанските постапки;
- Штом државата покаже основано сомнение, секоја потврдна одбрана како “невин сопственик” се префрла на сопственикот;
- Да се одземе профитот од криминалот

## Позитивни промени

- Прифаќање на граѓанско – правно одземање на имот
- Директива 2014 година
- Интензитет на меѓународна соработка
- Заштитни мерки (сведоци, вештаци, жртви)

# Надворешни тела

- Греко – група на држави против корупција (Совет на Европа 1999 година)
- Манивал – Комитет на експерти за евалуација на мерки за борба против перење на пари и финансирање на тероризам
- Европската конвенција за човекови права

# Национална легислатива

- Закон за кривична постапка
- Кривичен закон
- Закон за финансиска полиција
- Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети

# Финансиска истрага

- Финансиска полиција
- ДКСК
- УФР
- УЈП, Царина, Катастар и други органи

# Привремени мерки за обезбедување на имотна корист

- Блокада, замрзнување и заплена – привремено одземање ( чл 194- 243) ЗКП

# Трајно одземање на имотна корист прибавена со кривично дело( чл. 97 – 100) КЗ

Изменет член 100а од КЗ

# Проширена конфискација чл. 98а КЗ

- Услови и потешкотии за докажување
- Разлики во однос на редовнита конфискација
- Отсуство на судска пракса

# Проширена конфискација член 98а

- Од сторителот  на кривично дело сторено во рамките на злосторничко здружение со кое  се остварува имотна корист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, како и кривично дело во врска со тероризмот од членовите 313, 394 – а, 394 –б, 394 –в и 419 на овој законик за кое е пропишана казна затвор од 5 години или потешка казна или е поврзано со кривичното дело перење пари за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот, но не подолг од 5 години пред сторувањето на делото, кога врз основа на сите околности судот основано е уврен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело.

Рамковна одлука на Совет на Европа

- Лице осудено за кривично дело сторено во рамки на криминална организација или дела поврзани со криумчарење, фалсификување  пари, перење пари и др.
- Целосна убеденост на судот дека сопственоста потекнува од криминални активности за временски период пред пресудата за делото, што се смета за разумно во поглед на околностите на конкретниот случај
- Несразмерна вредност на сопственоста со законски приход
- Конфискација може да се прошири и на имот стекнат од страна на најблиски лица на сторителот или префрлен на правно лице кон кое дејствувајќи сам или во соработка со неговите најблиски има контролирачко влијание

- За прв пат предвидена во 2009 година
- Непостоење на процесни одредби за нејзино спроведување
- Со новиот ЗКП тоа е овозможено со членот 533 и членот 534
- Утврдени рокови
- Предлог на јавниот обвинител

- Добра легислатива
- Отсуство на постапки за проширена конфискација
- Непостоње на истражни центри во вистинска смисла
- Отсуство на заедничка база на податоци
- Неможност за непречен пристап до податоци
- МПП
- Агенција за управување и продажба на конфискуван имот, имотна корист и одземени педмети

# Постапка за одземање на предмети чл. 529 – 542 ЗКП

# Агенција за управување со одземен имот

## Надлежности

- Агенцијата  управува, менаџира со конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка.
- Агенцијата постапува со одземениот имот согласно со начелото на добар домаќин и добар стопанственик и ги презема сите мерки за чување и одржување на привремено одземениот движен и недвижен имот.

- Агенцијата го чува и складира одземениот имот, врши процена на неговата пазарна вредност, води евиденција на целокупниот одземен имот.
- Агенцијата спроведува постапка за продажба на одземениот движен и недвижен имот по пат на електронско јавно наддавање и средствата добиени од продажбата ги уплаќа во Буџетот на Република Македонија.

- Агенцијата со претходна согласност на судот може да донесе одлука и да спроведе постапка за продажба на привремено одземениот подвижен имот доколку процени дека со чувањето на стварта се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи и средствата добиени од продажбата се уплатуваат на посебна приходна сметка на Агенцијата.
- Агенцијата отстапува без надоместок одземени предмети со правосилна одлука на други државни органи, по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

- Агенцијата може одредени предмети како храна, облека и безалкохолни пијалоци да ги отстапи без надоместок на државни органи, здруженија на граѓани и фондации, за што ја известува Владата на Република Македонија.
- Агенцијата постапува и со ствари надвор од промет и тоа со: одземени наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, одземено оружје, муниција и експлозивен материјал.

- Агенцијата одземениот имот кој не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни, безбедносни и други причини, како и тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или доколку се фалскификати се уништуваат.
- Дава мислења на други државни органи во врска со примената на законот и конфискацијата на имот, имотна корист и одземени предмети.

- Законодавството на Северна Македонија не ги признава виртуелните валути и не постои моментално закон што ја дефинира или регулира темата на виртуелните валути.
- Министерството за финансии работи на нов Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам.
- Министерството за правда работи на измени и дополнувања на Кривичниот законик на Северна Македонија и Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија.
- Министерството за правда работи и на измените на Законот за управување со конфискуван имот, приноси и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

- Националните правни основи за постапување со VC во кривичната постапка
- Одземање и на VC како инструменти на кривично дело
- Конфискација на VC како инструменти на криминалот
- Конфискација на VC како принос од казниво дело
- VC како доказ во кривичната постапка
- Практични предизвици за заплена и конфискација на виртуелни валути во кривичната постапка и отворени прашања

# Благодарам

Јавен Обвинител

Спасенка Андонова